Ј.П. за комунални дејности и инфраструктура
„Кратово"
Бр. 03 – 109/2
26.02 2026 год.
К р а т о в о

# И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ИНФРАСТРУКТУРА -КРАТОВО ЗА 2025 ГОДИНА

Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура Кратово од Кратово во својот делокруг на работа опфаќа :

А) Управување со Градските гробишта во Кратово
Б) Собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на Јавната чистота во градот
В) Управување со Градскиот зелен пазар во Кратово
Г) Други дејности од обласга на комуналните дејности и инфраструктурата на градот кои се од општ интерес на граѓаните.

А) Во изминатата 2025 година извршени се вкупно 77 погреби од кои 41 погреби во нови гробни места и 36 погреби во постоечки гробни места.

Во изминатата 2025 година Ј.П. „Кратово" ги има превземено сите неопходни активности за непречено и навремено извршување на погребите во се према законската регулатива.

На градските гробишта извршено е:

1. Бетонирање на стази помеѓу гробните парцели со изработка на скалници према теренот, како и рамки за формирање на гробните парцели. Изработени се стази со вкупна површина од 109 м2 и оформени се 50 гобни парцели.
2. Оспособување на помошен влезен пристап со порамнување на теренот и дел тампонирано.
3. Поставување на бекатон плочи на спoредниот влез во должина од 31 м и ширина 2.4м
4. Санирање на оштетени бетонски патски
5. Изработка на фасада на капелата со Абриб малтер.
6. Расчистување на терен со сечење на дрвја и жбуње.
7. Поставени се две бетонски градинарски чешми над бетонско подлога

За спроведување на горенаведените активности потрошени се следниве материјали:
Цемент 7350 кг
Песок 32 м3
Шајки 8.0 кг
Даски 0,3 м3
Шалонска жица 3 кг
Арматура мрежа вкупно 6 броја
Абриб 200 кг
Бел лепак 625 кг
Грунд 25 кг
Лајсни 30 м
Врска „У" 5 л
ПВЦ Мрежа 150 м2

Во 2025 година извршени се тековните активности за одржување на Градските гробишта со редовно чистење , косење на зелените површини , чистење на патеките во зимски услови од снег.

Б) Собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на Јавната чистота во градот

Во изминатата 2025 година извршени се следниве активности:

Редовно изнасање на комунален отпад со камион и трактор како и редовно одржување на Јавната чистота на општина Кратово со косење , метење и изнасање на отпадот. Чистење на плоштадот и главните улици од снежните наноси и други активности. Распоредот за собирање на комуналниот отпад од населените места е транспарентен и е прикачен на веб страната на општина Кратово.

Во 2025 година вршено е повеќе пати расчистување на градсата депонија во м.в. Мечкин дол во с. Железница со багер.

В) Управувањето со Градскиот пазар во Кратово кој со Одлука од Совет на општина Кратово со бр. 09-1412/1 од 10.11. 2017 година е отстапен на користење и управување на ЈП Кратово.

Во 2025 година вршена е редовна наплата од изнајмување на тезгите , а по завршувањето на пазарот вршено е редовно чистење и одржување на хигиената на пазарот.

Г) Други дејности од областа на комуналните дејности и инфраструктурата на градот кои се од општ интерес на граѓаните.

Во 2025 година Ј.П. „Кратово" ги има реализирано следниве активности:

**Јануари 2025 година**

- Извршено е чистење и поправка на јавниот пат во с. Железница со работната машина „Hidromak 102B" како и градежни активности во спортската сала во Кратово
- Ангажирана е работна рака за расчистување на градскиот базент за спроведување на манифестација Водокрст .

**Февруари 2025 година**

- Извршено е ископ на дупки и бетонирање на истите со поставување на канделабри за улично осветлување на ул. Гоце Делчев ( покрај Стокомак).
- Извршено е утовар и разнасање на гребен асфалт на локален пат во с. Шлегово
- Ангажирана е работна рака за расчистување и уредување на просторот околу црква „Св.Ѓорѓи Кратовски"- Кратово за патрониот празник на градот.
- Ангажирана е работна рака за раскастрување на просторот покрај регионалниот пат за изработка на пешачка патека до Градските гробишта.
- Извршено расчистување на наноси од снег како и расфрлање на сол и ризла по локалните патишта и улици во Кратово со трактор со даска и соларка.

**Март 2025 година**

- Извршено е ископ на стопи и лентовидни темели, армирање на истите и бетонирање заварување на металните носачи .
- Извршено е утовар и разнасање на гребен асфалт на локален пат во с. Железница
- Извршено е чистење на одрони од скала на ул Св.Ѓорѓи Кратовски со утовар во трактор и со работната машина „Hidromak 102B" .
- Ангажирана е работна рака за прочистување на пропусти на ул. „Гоце Делчев", ул.„Јосиф Даскалов" и ул. „Планинска" како и во речното корито на Кратовска река.
- Ангажирана е работна рака сечење на метални профили и шипки во сала кај гимназија.
- Ангажирана е работна рака за сечење на дрвја со ф>30 см кај стадион.
- Ангажиран е трактор за изнасање на одрони од скала од ул. „Св.Ѓорѓи Кратовски"

**Април 2025 година**

- Ангажирање на багер Hidromek 102B за прочистување на земјани патишта,свлечишта, наноси од поплави и тампонирање на локални патишта во с. Вакув, с. Коњух с. Шопско Рудари и с. Железница.
- Извршено ангажирање на трактор за изнасање на земја од кај стадион, утовар со транспорт на коцка од м.в. Аргулица за потребите на општина.
- Ангажирана е работна рака за сечење на цевки за парно и симнување на старите калорифери во Спортската сала.
- Ангажирана е работна рака за расчистување на паднат камен од куќа на ул „Браќа Миладинови“ до црква „Св.Никола“ .
- Ангажирана е работна рака за косење на зелените појаси како и по улиците во Кратово.
- Ангажиран е работник со хилта за ископ на канал за поставување на ивичњаци на ул. „Св.Ѓорѓи Кратовски“

**Мај 2025 година**

- Ангажирање на багер Hidromek 102B за ископ за водовод и одвод на крак од улица Гоце Делчев, ископ со пикомер за нивелирање на ул. „Мусала“ и расчистување од земја на ул. „Илинденска“.
- Извршено ангажирање на трактор за пренос на коцки,земјан материјал од улици „Мусала“ и крак од ул. „Цветко Тонев“ со транспорт до соодветна локација.
- Ангажирана е работна рака за заварување на ограда покрај Радин мост и нејзино фарбање.
- Ангажирана е работна рака за санирање на потпорен зид на ул „Кирил Пејчинович“, ул. „Тошо Куковски“, поставување на бекатон покрај Радин мост, утовар на коцки и сечење на дрвја на ул. „Илинденска“ .
- Ангажирана е работна рака за косење на зелените појаси како и по улиците во Кратово.

**Јуни 2025 година**

- Ангажирање на багер Hidromek 102B за пробивање на пат во с. Железница, с. Туралево вадење на плочи од ул Орце Николов , разнесување на тампон.
- Извршено ангажирање на трактор за пренос на разни материјали за потребите на локалната самоуправа со транспорт до соодветна локација.
- Ангажирана е работна рака за поправка на коцки,утовар на плочи од ул. Орце Николов, изработка на шахти на ул. Гоце Делчев како и ископ на скала со хилта за потребите на локалната самоуправа.
- Ангажирана е работна рака за изработка на шахта за атмосверска вода на Млачки пат.
- Ангажирана е работна рака за косење на зелените појаси како и по улиците во Кратово.

**Јули 2025 година**

- Ангажирана е работна рака за косење и собирање на ниска трева на зелените појаси како и по улиците во Кратово.
- Ангажирана е работна рака за сечење и кастрење на дрвја на локалниот пат Кратово-с. Нежилово.
- Ангажирање на багер Hidromek 102B за затрупување на канал за водоводна инсталација,тампонирање на локален пат м.в. Амамче, царина маала,с. Железница м.в.Диви тополи.
- Извршено ангажирање на трактор за пренос на разни материјали за потребите на локалната самоуправа со транспорт до соодветна локација.
- Ангажирана е работна рака за испомош при организирање на манифестацијата Златни денови.
- Ангажирана е работна рака за работа со хилта,затрупување на водоводна цевка, изработка на метална шахта за ул. Планинска, изработка на клупа и поставување на истата покрај Радин мост и поставување на мрежа покрај Радин мост .

**Септември 2025 година**

- Ангажирање на багер Hidromek 102B за пробивање на пат во м.в. Крива јабука, с.Тополовиќ, с. Шопско рударе и с. Вакв -општина Кратово.
- Извршено ангажирање на трактор за пренос на разни материјали за потребите на локалната самоуправа со транспорт до соодветна локација.
- Ангажирана е работна рака за чистење на кеј, раскастрување по пријава од граѓани, сечење на дрво липка ул. Гоце Делчев, работа со пикомер за пробивање на локални патишта и други активности за потребите на локалната самоуправа во Кратово.

**Октомври 2025 година**

- Ангажирање на багер Hidromek 102B за пробивање на пат во с. Вакв м.в. Петкутинци, с. Сакулица, с.Татомир -општина Кратово.
- Извршено ангажирање на трактор за пренос на разни материјали за потребите на локалната самоуправа со транспорт до соодветна локација.
- Ангажирана е работна рака за чистење на кеј, раскастрување по пријава од граѓани, , работа со пикомер за санирање на шахта пред пошта, санирање на ударни дупки на иулиците со камени плочи, поставување на ознаки во планинскиот крај, испомош при органицација на компиријада 2025, местење плочи во с. Железница, местење на ограда во Табачка маала и други активности за потребите на локалната самоуправа во Кратово.

**Ноември 2025 година**

- Ангажирање на багер Hidromek 102B за поставување на пропусти во с. Сакулица, санација околу срушен мост во с.Живалево ,утовар на трактор со тампон и др. Работи за потребите на општина Кратово.
- Извршено ангажирање на трактор за пренос на разни материјали за потребите на локалната самоуправа со транспорт до соодветна локација.
- Ангажирана е работна рака за сечење на бор кај Градинка, бетонирање на мост во м.в. Аргулица, уредување покрај чешма во с. Железница, изработка на шахта кај пошта, санирање на дупки на ул. Браќа Миладинови (кај пошта), поставување на

канализација испод стадион, поставување на песок над водоводна цевка на улици во Царина маала, поставување и распостилање на тампон , чистење на канал во Табачка маала, расчистување на одрон над Радин мост и други активности за потребите на локалната самоуправа во Кратово.

**Декември 2025 година**

- Ангажирање на багер Hidromek 102B за расчистување на улица од кал и одрони во Царина маала -општина Кратово.
- Извршено ангажирање на трактор за пренос на разни материјали за потребите на локалната самоуправа со транспорт до соодветна локација.
- Ангажирана е работна рака за расчистување на улици од одрони и кал, утовар во трактор,чистење и санирање на ударни дупки на улиците кои водат кон црква „Св. Никола“ и слично за потребите на локалната самоуправа во Кратово.

изработил:
Рате Јовановски
_________________________

23.02.2026 год
Кратово

Ј.П. КРАТОВО
Директор
Трајче Михајлов